**УДК 911.375 (497.712)**

**Јовановиќ Владан (Белград, Србија)**

# ПСЕВДОЕВРОПСКИ ПОГЛЕД ПОМЕЃУ УРНАТИНИТЕ НА ИСТОКОТ – ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА ОД 1918 ДО 1941 ГОДИНА

*Апстракт:* Социо-историското скицирање на Скопје е обид на размисла за условите и околностите на модернизација кои предизвикале „вистинска општествена револуција“. Низ автентичните извештаи и планови на властите, беше возможно да се анализираат активностите и намерите на југословенската влада, нејзината ефикасност, но исто така и да се разбере општествената позадина на урбанизацијата, како и да се процени обструктивното влијание на доминантната феудална традиција.

*Клучни зборови:* урбана историја, Скопје, Македонија, Југославија меѓу двете светски војни, Ориент, модернизација, урбанизација

Предметот на овој труд е приспособен кон согледување на интегративните процеси на некои од поранешните турски области во системот на новооснованата држава (Кралството на Србите, Хрватите и Словенците), кои биле попречувани поради етничката и религиската разноликост, феудалните навики и менталитет и културната запуштеност. Ова е обид да се размислува за околностите и условите кои ја создавале општествената динамика на градот, определувајќи ги локалните карактеристики и развојот на различни општествени групи. Ова историско и социолошко набљудување на традицијата, политиката, економијата, културата и на сегменти од секојдневниот живот би можело да биде корисно за разбирањето на судирот и согорувањето низ традицијата и модерното, исто како и за препознавање на урбаниот развој и новите функции на градот кои произлегле од новата политичка, економска и културна реалност.

Главните извори користени во трудов вклучуваат необјавени материјали од белградските архиви (Архивот на Југославија, Воениот архив, Архивот на Српската академија на науките и уметностите), објавени статистики, парламентарни дебати од стенограмите, релевантна периодика и литература. Низ автентичните официјални извештаи и планови беше возможно да се согледаат намерите и активностите на владата, нејзината ефикасност, но исто така и да се воочи политичката заднина на урбанизацијата, како и да се одмери влијанието на сè уште предоминантната феудална традиција.

***

Скопје лежи на витална трансбалканска комуникација подолго од две илјади години, но неговиот развој е проследен со драстични демографски осцилации. Овие осцилации биле причинети од ограбувања и разурнувања на многуте освојувачи или од природните катастрофи (земјотреси, пожари, чума, маларија). На крајот на 17 век Скопје имало речиси 60.000 жители, а на почетокот на 19 век бројот се намалил на 6.000 луѓе! Постојаниот демографски пораст започнува од средината на тој век, кога Скопје станува политички центар на Косовскиот вилает и значајна транзитна точка на новата железничка линија помеѓу Белград и Тесалоника (Костић, 1925: 26-32; Радовановић, 1927: 5-8).

По падот на Отоманската Империја и формирањето на Југословија (1918 г.), Скопје станува центар на новата Српска/Југословенска провинција наречена „Јужна Србија“. Српските политичари и географи се согласиле дека Скопје бил суштински дел и природна централна точка на Балканскиот Полуостров (Цвијић, 1927: 118-125; Радовановић, 1937, 12-13; Хаџи Васиљевић, 1930: 50-62). Во предвечерието на Првата балканска војна овој град на Вардар имал повеќе од 47.000 жители. Според официјалните југословенски пописи, Скопје се зголемило од 41.066 (во 1921 г.) до 69.269 (во 1926 г.), но исто така започнало и да стагнира во следните неколку години. И покрај тоа што селата во околината биле осиромашени и опустошени од страна на разни банди, војни и етнички миграции (1912–1918 г.), Скопје се соочило со неочекувано голем пораст, пропорционално од сите религии (христијански, муслимански и еврејски жители)! Дури и бројот на католиците се зголемил (според парохиските регистри, речиси 18.000 македонски католици ја примиле светата тајна во Скопје од почетокот на триесеттите години). Овој мултикултурен феномен се базира врз специфичната политичка и економска улога што југословенската држава му ја доделила на Скопје: овој град морал да го симболизира силното „национално единство“, политичката стабилност и целосната сигурност за сите жители на „опасната“ провинција. Така, во 1926 година заедно живееле 38.000 македонски Словени (Македонци, Срби и Бугари), 13.000 Турци, 2.000 Албанци и 2.500 Евреи (Јовановић, 2004: 100-102).

Градот бил сместен на северозападниот крај на рамницата, со постепено преминување на косините на планините, и на југ опкружен со мочуриште. Забележително брзиот тек на зеленикавиот Вардар го дели центарот на градот на ридестиот стар дел, на левиот брег, и песокливата населба во рамнината, на десниот брег (Новаковић, 1927: 387). Лета во Скопје со пеколна жештина, благи зими, неподнослив мартовски воздух, мочуришна треска и јак ветер – се главните временски карактеристики кои жителите самите ги опишувале како нездрави (СГКЈ, 1932: 25-45).

*

Скопје наликувал на град во брза експанзија каде што се појавувале мермерни згради со лоша градбена структура; простран пазар со трошни џамии, типични улици – сите карактеристични за некој „трошен град во Мала Азија“. Често повторуваните впечатоци на некои од странските патници биле едногласни дека Скопје бил еден вид *псевдоевропски град*, необична амалгамизација на азијатски и доцновизантиски влијанија (Chater, 1930: 281). Ова симболичко питорескно наследство од турските времиња придонесло за засилување на сомнителните визуелни спротивности – дека на едната страна на реката Вардар Скопје се бори да биде европско, додека другата страна останува да биде азијатска. Дури и домашните патници ги потврдуваат нивните лоши чувства поврзани со стереотипите за изгледот на Скопје („назадност“ и „одвратност“ на Ориентот, „најмрачниот дел од Балканот“, „разноликост“ на Скопје, „град на фаталисти“, „цигански град“, индиферентност, мрзеливост, жестокост и др.) Еден француски патешественик ги споредува старите делови на Скопје со неколку сириски градови и, на крајот, заклучува дека Дамаск или Халеб (Aleppo) биле единствените „мрачни турски монструозности“ наспрема пазарите на Скопје! Впечатливите сцени на босоногите момчиња во ориентална облека што го ограбуваат багажот на железничката станица, прашливите улици и инвазијата на комарци и други бубачки – е вообичаеното чувство што секој патник го доживеал веднаш штом пристигнал во Скопје (*Југославија, 1927*: 389-396). Една полска актерка рекла дека по пристигнувањето во Скопје се нашла себеси во вртлогот на фрески, џамии, минариња и ориентални пазари, двоумејќи се што било повжештувачко во тоа шармантно миље: дали виното, воздухот, животот или небото? Атмосферата на иритација и вознемиреност во предградијата била дури и уште повеќе впечатлива: „Нема ниту полиција ниту такси овде... Необична, разновидна и немилосрдна мешаница, пискави звуци на зурли и виолини... И кога немирната ноќ ќе започне да паѓа, се чини дека животот замира...“ (Вардар, 94/1933: 6).

**Политичко окружување**

И покрај тоа, согласно со својата географска и национална „предодреденост“, Скопје станало сериозен политички и воен центар на провинцијата. Во него биле сместени сите државни институции, вклучително и осум дипломатски мисии и поголем број државна администрација (ЈЗ, 1929: 748). Освен тоа, Скопје било седиште на жандармериските и армиските командни штабови, како резултат на продолжената војна, воените суриди на границите со Бугарија и со Албанија, сè уште активните герилски движења, неуспешното разоружување и сл. Непрекинатите побуни и мобилизацијата придонесле кон распространување на мислењето дека Третата армија била „команда за

казнување на офицерите". Штабовите на пешадијата, артилеријата и воздухопловните сили исто така биле ситуирани во Скопје (Бјелајац, 1988: 73-74, 302-303; Апостолов, 1962: 59).

Со само неколку исклучоци, политичката клима во Скопје не била исполнета со тензија како што било случај во останатите делови на провинцијата. Огромното присуство на владините вооружени сили во градот придонесле избегнување на каква било физичка опасност (терористичките напади во други делови од провинцијата биле вообичаени), но, во исто време, се создала солидна основа за други непријатности (слобода на печатот, говори и собири, лична слобода и страв од новиот режим, инциденти и заплашувања во текот на изборите и др.). Со политички трансформираната герила, пренатрупаните судови и затвори, „летечките воени одделенија" на улиците, Скопје претставувало град на чудни контрасти и конфузија[1].

Слободните политички состаноци во најпознатите хотели и ресторани во градот можеле да се организираат послободно и во поопуштена атмосфера отколку во градовите на југот, иако низ официјалните извештаи може да се пронајдат примери за систематски прислушувања на муслиманите, на комунистите и „бугарашите", особено во предвечерието на парламентарните избори. Постоењето на муслиманската политичка организација *Јужно муслиманско друштво* („Cemivet") и на нивното списание *Правда* („Hak") исто така би можело да остави впечаток дека постоел солиден дух на толеранција во градот, но по забранувањето на партијата (1925 г.), работите изгледале сосема спротивно[2].

На овој начин, воените квазивладини групи на улиците, заплашувајќи го непослушниот електорат (со изгонување во Турција и со нечесна трговија со тутун), поради проценките на властите дека во 1923 г. 7/8 од гласачите во Скопје биле „против владата и националните интереси", морале да го извршат зајакнувањето на режимската Радикална партија многу повидливо[3]. Општествените околности во Скопје биле атрактивни и за комунистите кои добиле мнозинство во Градското собрание во 1920 г., брагодарение на нивните тврдоглави говори во корист на македонската автономија (Катарџиев, 1961: 59-76; Димитријевиќ, 2001: 369-373).

Во Скопје исто така биле сместени и Високиот апелациски суд и државниот затвор. Интересно е да се забележи дека во затворот вообичаено имало двојно повеќе затвореници отколку што биле неговите капацитети (650 затвореници). Во исто време, затворскиот персонал перманентно се

---

[1] Архив на Југославија (АЈ), збирка 14, папка 8, единица 28, док. 609, 618, 619, 620, 622; АЈ, 14–76–257, док. 9, 26, 32, 34, 55;

[2] АЈ, 14–76–257, док. 32, 34.

[3] Архив на Српската академија на науките и уметностите (АСАНУ), збирка 13315/73, *Demokratizam Velje Vukičevića*, с. 1–9; АЈ, 14–8–28, док. 620.

зголемувал, додека финансиите биле намалени двојно (ЈЗ, 1929: 379; СГКЈ, 1932: 470-473). Постоеле 35 адвокати во целиот град (сите биле Срби, со исклучок на еден турски адвокат) и неколкумина надриадвокати. Најистакнатите жители на градот биле членови на Ротари-клубот (*Азбучни именик*: б.г.).

**Изградба на ново Скопје: економско милје**

И покрај преовладувањето на феудални навики и менталитет на населението на левиот брег на Вардар, Скопје постигнал големо значење како комерцијален и дистрибутивен центар во провинцијата. Тој претставувал клучна раскрсница во регионот (железница и трансверзала до Егејското Море и Мала Азија), со очигледно стратешко, финансиско и трговско значење. Водечките државни банки (Народна банка, Хипотекарна банка и Поштенска штедилница) имале свој удел во финансирањето на армијата, реставрирањето и изградбата на Скопје, трговијата со опиум и др. Исто така, имало и неколку приватни банки предводени од добро познати локални политичари (Гавриловић, 1931: 18-19, 35-37). По основањето на Трговската комора во 1921 година, економските проблеми на градот не биле разрешени. Трговската инфериорност на рудниците и центрите на опиум и производство на тутун, злоупотребата на високите комунални давачки и политичката заднина на финансиските зделки не престанале[4].

Ориенталниот тип на патријархална трговија бил доминантен на старите градски пазари. Азијатскиот изглед на пазарите со огромно присуство на Цигани (имало околу 7.500 Цигани во 1931 г.) ја засилувал сликата на „назадност“ и „мрзеливост“ што странските патешественици ја споменувале (Трифуноски, 1991: 286-289). Социјалните работници регистрирале 260 просјаци на преполните улици низ центарот на градот (*Вардар*, 46-47/1933: 21). Централен пазар бил Бит-пазар на левата страна на Вардар. Ова име останало исто во стариот дел на Скопје сè до денес што може да претставува доказ за тоа колку е важен овој пазар. Во средината на 1920 година во овој „скап град“ работеле 1.335 занаетчии и 2.785 трговци (420 биле турски дуќани)[5]. Индустријата на градот се состоела од три компании со стоки (мелничарска индустрија, производство на пиво и дрвопреработувачка) и десетици мали приватни фабрики (за дрво, алкохолни пијалаци, сапун, хемикалии, кожа и мебел) (Петровић, 1940, 42-62; Сидовски, 1958: 91-104; Топаловић, 1927: 42-47).

Општествената структура на вработените покажува некои интересни детали: само 11% од жителите на Скопје работеле (во мануфактури, индустрија и главно во трговија); речиси половината од нив

[4] AJ, 65–159–504, 20 ноември 1923.

[5] AJ, 74–5–71, Извештај на В. Ѓурѓевиќ: *Industrija Južne Srbije*, с. 4–8; *Izveštaj Zanatske komore u Beogradu za godinu 1927*, Beograd 1928, с .76–77.

биле необразовани и без каква било квалификација; 27% од вработените лица биле жени (73% од нив биле немажени), и тие, главно, работеле во индустријата (38%); 83% од работниците биле помлади од 40 години; додека поголемиот дел од вработените мажи работеле во монополската индустрија (опиум, тутун), жените главно работеле во текстилната индустрија и домаќинството. Мажите занаетчии главно работеле како кројачи и чевлари; целосното отсуство на жените било особено забележително помеѓу угостителите, во трговските компании, градската администрација и транспортот (Пурић, 1939: 139-144).

*

Со започнувањето на изградбата на електричната централа за 70.000 потрошувачи во 1924 година настанала првата вистинска општествена трансформација во градот. Всушност, постоеле неколку мали централи за создавање електрична енергија за нивните потреби (кина, хотели, воена болница, пиварница и др.) По електрификацијата од страна на германската компанија „AEG“, речиси 80% од граѓаните започнале да користат електрични наместо петролејски светилки (*Вардар*, 46-47/1933: 16).

Во текот на првите децении од нејзиното постоење, југословенската држава изградила 1.242 згради во Скопје, а повеќето од нив во периодот од 1923 до 1927 година. Во 1930 година властите изброиле околу 20.000 постоечки објекти, но исто така тие забележале дека сѐ уште не постоел градски план и водоводна мрежа, и покрај фактот што мајорот г. Јосиф Михајловиќ бил архитект (СЛВБ, 133/1932: 3).

Изградбата на луксузни и богати згради била концентрирана на централното градско јадро во близина на реката Вардар. Елизабет Баркер (Elisabeth Barker) пишува за „неколку луксузни градби“ како единствено југословенско постигнување во Македонија (Barker, 1950: 23). Познатиот Офицерски дом бил најелегантната зграда на Балканот, што прераснал во собирен центар на воената и на политичката елита. „Европската порта на Скопје“ била изградена во 1928 година со луксузен ресторан на нејзиниот покрив. За да ја изградат оваа зграда, властите ја срушиле монументалната Бурмали-џамија (Кадијевић, 2001: 246-249). Разурнувањето на добро лоцираните џамии со цел за изградба на владини згради се тврдело дека е грев спрема минатото, но често пати се покривало со саркастичните официјални забелешки дека „секогаш има нешто болно во тој процес на напредок“ (*Југославија*, *1927*: 405-415). Само во 1922 г. општинските власти во Скопје присвоиле седум муслимански гробишта и четири џамии (имало 83 вакафски имоти во Скопје) (Стојадиновић, 1931: 28-30)[6]. Дури и кралот Александар изјавил дека, со оглед на тоа што Скопје му припаѓа на Западот, тоа мора да се приспособи себеси на европската култура со

[6] СБНС, CVI сесија, 25 јули 1922: 791-792.

„исфрлање на она што е застарено“ (Кара Радовановић, 1937: 589). Статусот на воен центар на градот му овозможил да се зголемат инвестициите во одредени објекти (армиски касарни, станови за офицерите, штабови за Третата армија, аеродром, воена болница, магацини за барут и сл.).

Повеќе од половината од вкупните општински инвестиции биле потрошени во подобрување на улиците од 1919 до 1931 г., и покрај претпоставката дека имало низок интензитет на сообраќајот (повеќето од возилата припаѓале на воените и поштенските услуги). Над 15 милиони денари биле инвестирани во поправки на улиците, 5,5 за нови училишни згради, 3,2 во паркови и уредување на плоштади, 1,6 во владини згради, 0,44 за градско осветлување, 0,42 милиони за канализација и др. (*Преглед,* 1934: IV). Во исто време, властите ништо не чепнале на левиот брег на Вардар, освен тоа што старите турски маала биле преименувани (Кара Радовановић, 1937: 588; ИМН 4: 170). Спротивно на тоа, на рамнината се развивал нов град со две паралелни улици кои ја поврзувале железничката станица и централниот плоштад во близина на Камениот мост. Пајтони и автомобили се натпреварувале по овие улици како тоа да се случувало во некоја вистинска метропола. Преполните патеки на Ислахана-паркот во близината на Вардар биле едно од најпопуларните променади, каде што човек можел да види луѓе како си шетаат облечени во различни народни носии: турски фесови, муслимански женски фереџиња, српски традиционални капи, албански кечиња, но исто така и париска облека, европски капи и сл. (*Југославија,* 1927: 400-405).

Сообраќајот на автопатите имал мал интензитет споредено дури и со југословенскиот просек. Во 1929 г. биле регистрирани околу 1000 автомобили (главно американски возила, автобуси и камиони и мотоцикли произведени во Европа) (СГКЈ, 1932: 190-191; *Јубиларна књига*: 278). Во Скопје биле лоцирани неколку бензински пумпи „Сфинкс“ (за вообичаена нафта и шел), седум автогаражи и еден автомеханичар (*Годишњак*: 157-160, 269-274). Политичката иницијатива била одлучувачка за отворањето на цивилната воздушна линија помеѓу Белград и Скопје во 1929 година и меѓународниот аеродром во Скопје. Тоа била втората југословенска воздушна линија (првата била помеѓу Белград и Загреб). И покрај евтините билети, авионите биле речиси празни и, како непрофитабилни, биле проретчени (три пати седмично) (*Јубиларна књига*: 286-289).

Револуционерниот развој на поштенскиот систем дури и ги надминал потребите на сиромашниот регион. Големата активност на овој систем (телеграфите и телефоните) може да направи илузија за општествениот напредок, но сепак тој бил користен, главно, од страна на владините и воените институции. Некои германски компании (*Telefunken, Telephonfabrik Berliner*) поставиле милји телефонски кабли и телеграфски градби во Скопје како репарации од светската војна. Оттука, градот бил поврзан со значајни политички центри во југословенското соседство

(Солун, Тирана, Софија). Фактот дека поштенскиот регионален центар на Скопје не евидентирал ниту еден меѓународен телефонски разговор во 1929 г. индиректно покажува какви биле политичките тензии, исто како и тоа какви биле ефектите на военото телефонско цензурирање (СПТТ: 5, 10, 21-23, 27-28; СГКЈ, 1932: 497).

Неколку хотели (*Бристол*, *Сплендид*, *Српска краљица*, *Москва*, *Српски краљ*), два стари моста (Камениот и Железниот), модерните градби на централниот плоштад, 48 џамии, турски бањи, римски аквадукт и девет православни цркви – тоа била егзотичната туристичка атракција, како и баровите, пивниците, кината и таверните покрај реката. И покрај високите даноци во провинцијата, хотелите во Скопје располагале со 475 соби со 31.086 гости во 1929 г. (94% биле Југословени). Во исто време, хотелите покрај кејот на Вардар имале 74.042 ноќевања. Во 1928 година двајца универзитетски професори ја основале организацијата „Југ“ која имала цел да ја промовира туристичката надмоќ на Скопје (Хаџи Васиљевић, 1930: 69-78; СГКЈ, 1932: 322-323).[7]

Жителите на Скопје (и муслиманите и христијаните) започнале да го трошат своето време во ресторанте, баровите, пивниците, кината и хотелите наместо на традиционалните дневни излети. Џез-групата што свирела во ресторанот *Париз* вообичаено не влијаела врз минувачите толку колку што ги привлекувало крајбрежјето на Вардар, кое граѓаните во шега го нарекувале „остров на љубовта“ (*Вардар*, 111/1933: 3). Во раните дваесетти години граѓаните на Скопје се сметале за исклучително морална популација, но исто така било познато дека сакале многу да пијат и да пушат. Една деценија подоцна се чини дека започнала неповратната ерозија на високиот морал. Таквите измешани емоции на повоената траума, очајнички очекуваната слобода и ориенталниот хедонизам, комбинирани со новите животни услови во град кој бил преполн со војници (југословенски и француски сојузници), резултирале со ширење на венерични болести, со феноменот на хомосексуалноста во турските бањи, исто како и со разузданото однесување на богатата еврејска младина (која, во тоа време, била најмодерна) (Хаџи Васиљевић, 1930: 176-179).

Во текот на таа деценија баровите и кафеаните во Скопје биле во функција на места за политички собирања и аукциски продажби. Десетина ноќни барови биле нескриени места за ширење на проституција, која била толерирана од страна на властите „во интерес на јавната безбедност“ – како што изјавил шефот на полицијата![8] Другите ресторани морале да ги хармонизираат сопствените активности согласно со законот и политичките познанства (модерниот *Француски клуб*, националниот *Круна принца Александра*, коцкарницата *Бајли Хан*, борделот *Златан праг* и др.) (*Југославија,* 1927: 454-455).

[7]АЈ, 74-51-71, 65-159-504, 65-1026-1944.
[8] АСАНУ, 13315/91, с. 1–3.

**Поглед кон културата и општеството**

Југословенската држава финансирала осум основни училишта во градот (три од нив биле муслимански, едно еврејско), но нискиот степен на просветеност (имало 83% неписмени луѓе во провинцијата), малите плати, конзервативизмот на учителите од предвоениот период, како и политичките мотиви за нивните преместувања биле само некои од прашањата кои предизвикувале проблеми во образовниот процес. Неуспешното образование, во поглед на бројот на ученици кои не го завршиле образованието, било очигледно (само 451 ученици од 2.810 завршиле училиште)[9]. Имало 52 основни учлилишта во регионот на Скопје каде што образовниот процес се одвивал на турски јазик (ЈЗ, 1929: 740).

Веднаш по завршувањето на Првата светска војна гимназијата била реорганизирана (во текот на војната зградата била претворена во воена болница). Од 1918 до 1925 г. повеќе од 160 учители биле вработени во училиштата (повеќемина од вработените биле руски бегалци). Во 1924 г. женската гимназија се издвоила од постоечкото јазично училиште, но нередовните стипендии и средства за живот го причинувале ниското ниво на образование. Прокламираната грижа на владата била намалувана и поради долготрајните периоди на постоење на училиштата без управи, без мензи и без медицински надзор и греење (*Споменица,* 1934: 74, 122).[10]

По основањето на друштвото *Соколи* во гимназијата (1923) Скопје добило своја сопствена соколска населба наречена *Принцот Марк*. Друштвото имало повеќе од 5.000 членови кои добиле свој дом во 1927 г., промовирајќи ги доброто здравје и силното национално единство (СДСМ, 1940: 16-18). Првиот фудбалски клуб бил основан во Скопје во 1919 г. и станал славен како ССК (Скопски спортски клуб). Од 1933 г. започнале да се натпреваруваат во Јужниот куп, додека нивниот градски ривал (ФК Славија) станал член на југословенскиот шампионат (само во 1935 г.) (*Педесет години*: 39).

Во 1924 г. била основана Големата државна медреса *Крал Александар* каде што 50 млади муслимани го стекнувале нивното религиско знаење на официјалниот (српски) јазик. Натамошното факултетско образование било возможно само ако имале завршено на државната медреса. Во исто време, имало уште 73 приватни медреси во провинцијата чиишто ученици немале можност за натамошно напредување[11]. Педагошкото училиште во Скопје започнало со работа во 1919 г., но повеќе од половината од учениците го напуштиле поради

---

[9] AJ, 66–1856–1871, 66–1859–1874, 66–1491–1628; 335–26; *Nastavni planovi i programi za zabavišta, osnovne škole, više osnovne škole, trgovačko-zanatliske i građanske škole*, Beograd 1920, с. 3–5.

[10] AJ, 66-871-1290.

[11] AJ, 63–157–694; 66–1101–1429.

лошите услови. И покрај тоа што тоа имало своја сопствена зграда во 1922 г., педагошкото училиште се сметало за „центар на комунизмот“ (Апостолов, 1978: 396-397).

Развојот на високошколскиот образовен систем во провинцијата започнал во 1920 г. кога бил основан Филозофскиот факултет во Скопје. Општествената и етничката структура на студентите (80% биле женски) може да нѐ упати кон возможните цели на неговото создавање: тој бил образовен центар за децата на вработените државни службеници!? И покрај тоа, индивидуалните заложби на некои ентузијасти професори придонесле за преминување на Факултетот во центар на научни и културни собири. Сигурно дека националната политика извршила влијание во различни насоки на повеќе такви „културни активности“. Од друга страна, фактот дека само 5,7% од студентите дипломирале предизвикал редуцирање на државните стипендии. Честите гласови за наводното затворање на факултетот поради финансиските тешкотии биле, всушност, предизвикани од политичките инциденти (на комунистите и на промоторите на македонската независност) (Treu, 1930: 7-9; Меморандум: 17-20).

Неколкумина универзитетски професори основале во Скопје научно друштво, музеј и државен архив и покрај тоа што овие институции имале силно национални предзнаци. Во 1923 г. Народниот универзитет започнал со организирање јавни, популарни предавања, како центар за образование на возрасни (Илиевски, 1979: 158-159). *Скопското научно друштво* кое било основано во 1921 г. имало за цел да објавува историска и етнографска литература, посебно по неговото вклучување во националниот буџет (СНД, 1928: 5-9). Две години подоцна, истите научници го основале *Музејот на Јужна Србија* кој ги истражувал античките и средновековните споменици (фотографирање, чување и заштита на споменициите). Во 1926 г. започнало да функционира и зоолошко одделение во рамките на Музејот (Радовановић, 1928: 386-406). Во истата година, во Скопје, е основано и одделението на Државниот архив кое континуирано било попречувано во работата од страна на локалните власти во врска со сместувањето[12]. Градските библиотеки биле покриени со национална литература, подароци од владата и националните асоцијации, како и од пејачките здруженија (Мокрањац, Вардар) кои се обидувале да ги промовираат српските национални песни како најсоодветна традиција (Георгиевски, 1982: 160-167).[13]

Народниот театар (1913 г.) бил реконструиран како резултат на потрагата по соодветен модел за „национално култивирање на Југот“. Администрацијата што ја предводел Бранислав Нушиќ работела во многу специфични и комплексни услови, менаџирајќи го надминувањето на

[12] АЈ, 66–336–571.

[13]Повеќе документи за ширењето на српската епска поезија во училиштата: АЈ, 66-871-1290, док. 13600/25; 74-54-75; 66-871-1290.

контрастите помеѓу етнички мешаната публика (без театарска традиција) и современиот театар кој, со помош на своите актери и ефективните промотивни постери, имал тенденција да ги достигне највисоките светски стандарди. Изградбата на неговата нова зграда (Арена) била една од најскапите потфати на државата во тоа време[14]. Во текот на дваесеттите во Скопје работеле и неколку кина (Аполо, Балкан, Вардар) кои биле третирани како „индустриски претпријатија“[15].

***

Феудалниот менталитет и различните религиски верувања биле исто така присутни и во здравствената култура: избегнување на вакцинација, верување дека маларијата се пренесува преку сливи и дињи, страв од „нови работи“, недоверба спрема кининот што државата бесплатно го обезбедувала, проценка дека 80% од луѓето не користат сапун, и покрај фактот што Скопје бил еден од најголемите производители на овој производ – сиве овие факти би можеле да ги објаснат многу скромните ефекти на здравствената политика во ова време (Јовановић, 2002: 385).

Во Скопје постоела Регионална и воена болница, и поради променливите климатски услови и широко распространетата маларија постоел целосно опремен Институт за тропски болести. Развивањето на капацитетите на Регионалната болница било претставено и како неопходност на хуманистичките и националните потреби, така што во март 1930 г. била пренесена во нова зграда со 250 легла. Само во периодот од 1928 до 1931 година биле направени 850.000 бесплатни медицински прегледи и биле дарувани 3.300 кг кинин (*Вардар*, 62/1933: 1)[16]. Во текот на 1929 година амбулантата за осигурените граѓани извела 437 комплексни операции, 924 породувања како нејзин акушерски дел и др. (СЛВБ 12/1930: 7).

Честите епидемии на грип, шарлах, тифус и маларија биле најинтензивни во првата половина на дваесеттите години. Од 1926 до 1930 г. во циганските населби во Скопје имало 265 луѓе заразени со тифус, а само во 1930 г. се разболеле повеќе од 130 (*Вардар*, 78/1933: 2). Војската имала слични проблеми поради што гарнизонот во Скопје бил преполн со болни југословенски војници. Нивните годишни извештаи укажуваат на нехумано сместување, променлива клима, недостаток од кинин и мрежи против комарци, расипани вакцини и лоша контрола над офицерите кои биле пренесувачи на венерични болести од градот[17].

---

[14] AJ, 66–354–593; B. S. Stojković, „Istorija srpskog pozorišta od Srednjeg veka do modernog doba (drama i opera)“, *Teatron*, 15–16, Beograd 1978, c. 496.

[15] AJ, 65–159–504.

[16] AY, 39-2-2.

[17] AJ, 66–1859–1874; 66–1856–1871; 69–160–245; *Vojno-sanitetski statistički godišnjak Kraljevine SHS 1920–1926*, Beograd 1926, c. 38–60.

Откако во Биолошкиот институт во Белград се направиле силни напори за проучување на маларијата, владата започнала со изградба на *Институтот за тропски болести* во Скопје (1922 г.). Модерната опрема и професионалците во болницата го инспирирале францускиот научник Жак Анселм (Jacques Anselm) да пишува за српските доктори кои „извршиле инвазија“ во Македонија. Дури и Лигата на нациите започнала да испраќа млади доктори со цел да поминат одреден период на обука во Скопје (Ранков, 1937: 137-139). Само во 1931 г. лабораторијата на Институтот направила 25.000 медицински испитувања (СЛВБ, 81/1931: 4). Откако некои од најистакнатите трговци во Скопје ја забележале вредноста на лековите, биле отворени десет аптеки во градот во 1924 г. (*Државни календар*: 24-25).

***

Како што може да се види, политичкото, националното и воеското значење на Скопје е детерминирано од неговата општествена структура која го специфицира степенот и ритамот на урбанизацијата. Изгледа дека најдоброто подрачје на застапување и објаснување на владиниот оптимизам бил просторот обременет со назадното феудално наследство, каде што дури и мал чекор наназад бил лесно забележлив. Поради оваа причина југословенските „метаморфози“ никаде не биле толку изразени колку што биле во Скопје со неговите два брега што ги симболизираат двете епохи сè до ден денешен.

**Архивски материјали:**

**AJ**

Архиви на Југославија, Белград

- Збирка 14 (Министерство за внатрешни работи)
- Збирка 63 (Министерство за правда)
- Збирка 65 (Министерство за трговија и индустрија)
- Збирка 66 (Министерство за образование)
- Збирка 74 (Суд на Кралството Југославија)

**АСАНУ**

Архив на Српската академија на науките и уметностите, Белград

**Референци:**

Апостолов А., *Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за конституанта - 28. ноември 1920*, Годишен зборник на Филозофски факултет, 13, Скопје 1962.

Апостолов, А., *Страјкови на учениците од Скопската учителска школа во 1919 и 1922 година*, Југословенски историјски часопис, 1-4, Београд 1978.

Азбучни именик адвоката и адвокатских приправника, Скопље 1933.

Barker, E., *Macedonia. Its Place in Balkan Power Politics,* London-New York 1950.

Бјелајац, М., Војска Краљевине СХС 1918-1921, Београд 1988.

Chater, M., *Jugoslavia - Ten Years Afte*', The National Geographic Magazine, LVIII/3, Washington DC: 1930.

Цвијић, Ј., *Централна балканска област и балканско територијално језгро,* Цвијићева књига, Београд 1927.

Димитријевић, С., *КПЈ у легалном периоду њеног постојања 1919-1921,* Београд 2001.

*Државни календар Краљевине СХС за годину 1924,* Београд 1924.

Гавриловић, М., *Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији*, Скопље 1931.

Георгиевски, М., *Културно-просветната и политичката улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, Гласник ИНИ, 1, Скопје 1982.

*Годишњак Аутомобилског клуба Краљевине СХС*, Београд 1927.

Хаџи Васиљевић, Ј., *Скопље и његова околина. Историска, етнографска и културно-политичка излагања*, Београд 1930.

Илиевски, А., *Основањето и дејноста на Народниот универзитет во Скопје меѓу двете светски војни*, Гласник ИНИ, 2-3, Скопје 1979.

*Историја на македонскиот народ*, 4, Скопје 2000.

Јовановић, В., *Југословенска држава и Јужна Србија 1918-1929*. Македонија, Санџак, Косово и Метохија у Краљевини СХС, Београд 2002.

Јовановић, В., *Друштвени оквир урбанизације Скопља 1918-1930,* Годишњак за друштвену историју, вол. 1-3/2002, Београд 2004.

*Јубиларни зборник живота и рада СХС,* II, Београд 1929.

*Јубиларна књига државних железница Краљевине СХС* , Београд 1929.

*Југославија у слици и речи*, вол. I, Београд 1927.

*Јужна Србија и Скопље-Охрид-Битољ,* Скопље 1936.

Кадијевић, А., *О раду руских архитеката у Јужној Србији између два светска рата*, Лесковачки зборник, 41, Лесковац 2001.

Кара-Радовановић, П., *Крупни проблеми града Скопља*, Београдске општинске новине, 9, 1937.

Катарџиев, И., *КПЈ во Македонија до Обзнаната,* Скопје 1961.

Костић, М., *Град Скопље и његов историски значај током векова*, во: Наша земља: Скопље и Јужна Србија, Београд 1925.

*Меморандум о Философском факултету у Скопљу,* Скопље 1933.

Новаковић С.,, *Из Куманова у Скопље* во: Југославија у слици и речи, вол. I, Београд: 1927.

*Педесет години фудбал во Македонија 1919-1969,* Скопје 1969.

Петровић, З., *Индустрија и рударство Јужне Србије,* Београд 1940.

*Преглед извршених техничких радова код градских општина у току од 1919-1931. године,* Београд 1934.

Пурић, Р. С., *Анализа састава радништва и радног тржишта Јужне Србије*, Социјални архив, 5-6, 1939.

Радовановић, В. С., *Скопље,* Београд 1927.

Радовановић, В. С., *Народно опхођење према старинама у Јужној Србији*, Јужни преглед, 9, Скопље 1928.

Радовановић, В. С., *Географске основе Јужне Србије,* Скопље 1937.

Ранков, М., *Рад хигијенских установа на здравственом подизању народа у Јужној Србији*, Јужна Србија, Београд 1937.

Rothmueller, C., *Јеврејска омладина Јужне Србије,* Загреб 1932.

*Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине СХС*

Сидовски, К., *Преглед на прехранбената индустрија во НР Македонија 1912-1940*, Гласник ИНИ, 2, Скопје 1958.

*Службени лист Вардарске бановине*, Скопље.

*Скопско научно друштво,* Скопље 1928.

Соколско друштво Скопље-Матица. *Споменица о прослави 30-год. и извештај о раду у 1939. години*, Скопље 1940.

*Споменица 40-годишњице Државне мушке гимназије у Скопљу 1894-1934,* Скопље 1934.

*Статистички годишњак Краљевине Југославије за 1929. годину*, I, Београд 1932.

*Статистика пошта, телеграфа и телефона за годину 1929*, 4, Београд 1930.

Стојадиновић, М., *Размишљања о Јужној Србији*, Савремена општина, 31, Београд 1931.

Топаловић, З., *Привредни проблеми Југа*, Скопље 1927.

Треу, Р., *Скопски Философски факултет и његови студенти*, Смена, 1, 1930.

Трифуноски, Ј. Ф., *Роми у Скопљу*, Гласник Етнографског музеја, 54-55, Београд 1991.